**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

Врз основа на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 7/23), а во врска со Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестни покриви во енергетско ефикасни покриви („Службен гласник на Град Скопје'' број 9/23), Градот Скопје објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доделување на поединечна субвенција на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестните покриви во енергетско ефикасни покриви за 2023 година

### 1. Цел на јавниот повик

1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на поединечна субвенција на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестни во енергетско ефикасни покриви во 2023 година.
1.2. Јавниот повик ќе трае од денот на објавување до 31$^{ви}$ август 2023 година или до исцрпување на средства предвидени за таа намена (активностите од јавниот повик да бидат завршени во целост заклучно со 1$^{ви}$ ноември 2023 година).
1.3. Средствата што Град Скопје ќе ги субвенционира се во висина од најмногу 50% од вредноста на инвестицијата, но не повеќе од 150.000,00 денари, по барател, од вкупниот износ на вредноста потребна за замена на азбестниот покрив во енергетско ефикасен покрив, со вклучен данок на личен доход.
1.4 Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година во Програма Р1, ставка 464, потставка 464990, во износ од 15.000.000,00 денари.

### 2. Право на учество на Јавниот повик

2.1 Право на учество на Јавниот повик имаат социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари), кои ќе ги заменат азбестните покриви во енергетско ефикасни покриви, ги исполнуваат условите од Јавниот повик и ја доставиле потребната документација.

### 3. Услови што треба да ги исполни барателот

Барателот  треба да ги исполни следниве услови:

- Да припаѓа на социјално загрозена категорија, и тоа:
  - Самохрани родители каде вкупниот приход е во висина најмногу до висината на минималната плата. Самохрани родители се лица кои сами ги вршат родителските права и должности на детето поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат; или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности, до започнување на основното образование на детето, но најдоцна до седумгодишна возраст на детето, а заклучно до трето дете.

- Корисници на право на пензија во висина до 15.000,00 денари;
- Корисници на посебен додаток (родителите, старателите или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, истото е со попреченост до 26 годишна возраст, согласно со Закон за заштита на децата);
- Корисници на право на надомест заради попреченост (лица со наврешна 26 годишна возраст, а најмногу до 65 годишна возраст со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице);
- Корисници на право на надомест за телесно оштетување (лица кои ова право го користат согласно Закон за пензиско и инвалидско осигурување).

- Да е жител на градот Скопје, (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари).
- Да е согласен да изврши замена на азбестен покрив во енергетско ефикасен покрив и да е согласен да учествува со сопствени средства за дел од вкупниот износ за замена на азбестниот покрив во енергетско ефикасен покрив.
- Нема поднесено барање во други Општини во 2023 година за замена на азбестен покрив во енергетско ефикасен покрив.
- Да е сопственик на индивидуален станбен објект (куќа) кој има постоечки азбестен покрив со денот на поднесување на апликацијата.
- Да има склучен Договор со Изведувач за замена на азбестен покрив во енергетско ефикасен покрив.

## 4. Начин на пријавување и потребна документација за учество на Јавниот повик

4.1. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнето Барање – образец потпишан/а од сопственикот на индивидуален станбен објект (куќа).
- Доказ дека припаѓа на една од социјално загрозените категории:
    - Се потврдува со дел од наведените докази: извод од матична книга на венчаните, извод од матична книга на умрените, потврда од МВР за исчезнато лице (доколку родителот е изчезнат), извод од матична книга за родените за детето (доколку родителот е непознат), потврда дека е на подолготрајно лекување во здравствена установа, потврда дека е на издржување на подолготрајна казна затвор, или
    - Потврда дека е корисник на пензија остварена во РСМ или странство согласно со податоците од евиденцијата на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија или
    - Потврда за користење на правото на посебен додаток од страна на месноналежниот центар за социјална работа или
    - Потврда за користење на правото на надоместок заради попреченост од страна на месноналежниот центар за социјална работа или
    - Потврда за користење на право на надомест за телесно оштетување добиена од страна на месноналежниот центар за социјална работа.
- Нотарски заверена Изјава дека е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за остварување на право на субвенција и е согласен на условите од потточките 2, 3, 4 и 5 од точка 3 од овој повик.
  (образец за изјавата ќе биде објавен на интернет страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk).
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста (не постар од 6 (шест) месеци, се доставува во оригинал или нотарски заверена копија).

- Фотографија/и од постоечкиот азбестен покрив.
- Договор со Изведувач за замена на азбестен покрив во енергетско ефикасен покрив.

Напомена:

- Отстранување и одложување на азбестните цементни плочи и останатиот градежен шут до депониите треба да е согласно постоечките законски прописи и е обврска на изведувачот.
- Азбестниот покрив треба да се замени во енергетско ефикасен покрив кој треба да има максимално дозволено пренесување на топлина со дозволен коефициент на пренос на топлина U< 0.20 $W/m^2K$.

- Копија од трансакциска сметка на сопственикот на куќата (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице).

4.2 По добивање на известување за потенцијален корисник на субвенцијата и по завршување на работите, барателот доставува Нотарски заверена Изјава од изведувачот со која се потврдува дека коефициентот на пренос на топлина е помал од максимално дозволениот, како и дека замената на азбестниот покрив во енергетско ефикасен покрив е изведена во определениот рок (не подоцна од 1 ноември 2023 година). Отстранување и одложување на азбестните цементни плочи и останатиот градежен шут до депониите треба да е согласно постоечките законски прописи.
(образец за изјавата ќе биде објавен на интернет страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);

4.3 Потребната документација, барателите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Град Скопје (барака 16) во затворен плик со назнака: До Сектор за заштита на животната средина– Комисија за доделување на субвенции за замена на азбестните покриви, секој работен ден од понеделник до петок, во период од 08:30 – 15:00 часот.

4.4 Едно лице може да поднесе само едно барање за субвенции.

4.5 Пристигнатите барања во архивата на Град Скопје ќе бидат евидентирани со точно време на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе бидат разгледувани според датумот и времето на пристигнувањето, а исплатата на средствата за реализирани активности ќе следи по целосно завршување и контрола на извршените активности.

## 5. Начин на спроведување на јавниот повик

5.1 Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на Јавниот повик која ќе ја спроведе постапката во следниве фази:

- во првата фаза Комисијата ги разгледува пристигнатите барања по редослед според датум и време на пристигнување,
- во втората фаза Комисијата врши детален увид во доставената документација и врши теренски увид за утврдување на веродостојноста на доставената документација,
- во трета фаза Комисијата изготвува листа на потенцијални баратели и ги известува барателите кои ги исполнуваат условите по повикот, со цел продолжување на понатамошната реализација на постапката,
- во четврта фаза, по добиено известување за завршување на работата со доставување на нотарски заверена Изјава од изведувачот за замена на азбестниот покрив во енергетско ефикасен покрив, Комисијата го разгледува истото и го приклучува кон уредно доставената документација.
- Во петтата фаза Комисијата повторно врши теренски увид на изведената состојба

- Во шеста фаза Комисијата изготвува предлог до Градоначалникот за исплата на средства по јавниот повик

5.2 За пристигнатите и обработени барања од точка 5, потточка 5.1 алинеја 1, ќе се води листа со следните податоци:

- име, презиме и адреса;
- датум и час на пристигнатата пријава на Јавниот повик, и
- износ на субвенција за барателот.

5.3 Исплатата на одобрените средства ќе се врши согласно Договорот со Изведувач, по завршена работа потврдена со Изјавата од изведувачот и извршениот теренски увид.

## 6. Начин на остварување на правото на субвенција

6.1 Градоначалникот на Град Скопје, на предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства

6.2 Комисијата ги известува подносителите чии барања се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите утврдени согласно точка 3 на повикот.

Бр.________________

_____________ година

С К О П Ј Е